

# ПАМЕТНО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ

**Со зголемувањето на сообраќајните метежи низ градовите, велосипедот станува едно од најпосакуваните превозни средства, овозможувајќи најевтино и еколошко решение за дневните или еднократните патувања низ градот.**
**Паметното изнајмување велосипеди е нов и интересен концепт, кој им нуди на граѓаните и туристите економичен начин на превоз и можност за заштеда на значително време при покривање на кратки растојанија низ градот.**

Паметното решение за изнајмување велосипеди на Македонски Телеком го покрива целиот процес на изнајмување и управување со велосипеди во градот, притоа обезбедувајќи едноставен начин за наоѓање на најблискиот велосипед, негово изнајмување, користење и плаќање за услугата. Нашето решение му овозможува на Градот со примена на паметни и иновативни технологии, на граѓаните и туристите да им понуди современи и практични услуги, истовремено овозможувајќи им целосна флексибилност и леснотија при користењето.

## КОМПЛЕТНО РЕШЕНИЕ ОД ПОЧЕТОК ДО КРАЈ

КОРИСНИК



СОСТАВНИ КОМПОНЕНТИ НА РЕШЕНИЕТО

Велосипеди, велосипедски станици

Поврзување

Cloud софтвер

УПРАВУВАЊЕ СО ВЕЛОСИПЕДИ



СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

## СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА РЕШЕНИЕТО

**Инфраструктура**

- **Велосипеди** (во согласност со потребите на градот/општината);
- **Станици за велосипеди со паркинг држачи**;
- **Дополнителна опрема** со која во реално време се следи точната локација на велосипедот.

**Систем за паметно изнајмување велосипеди**

- **Централна Cloud** базирана апликација за управување и контрола со системот за изнајмување велосипеди;

- **Мобилна и веб апликација** за изнајмување велосипеди – обезбедува детекција на локацијата, изнајмување на велосипедот и наплата за услугата. Корисниците на системот во секое време имаат увид каде се наоѓа најблиската станица за изнајмување и во реално време можат да ја проверат достапноста на велосипедите на секоја од станиците. Откако ќе завршат со возењето и ќе го вратат велосипедот на некоја од станиците, преку апликацијата ја завршуваат услугата и наплатата се комплетира.





## ПРИДОБИВКИ ОД РЕШЕНИЕТО ЗА ПАМЕТНО ИЗНАЈМУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ

- **Привлечни за туристите:** Туристите ги користат велосипедите за релаксација/туризам, разгледување на градост, културни и уметнички богатства или едноставно да се забавуваат.

- **Намалување на сообраќајот:** Комбинацијата на туристи и граѓани на велосипеди помага да се намали сообраќајот во високо фреквентните места во градот.

- **Почиста животна средина:** Помалку сообраќај на улиците значи помалку загадување и град со почиста животна средина.

- **Можност за дополнителни приходи од рекламирање:** Покрај приходите од изнајмувањето на велосипедите, Градот има можност за остварување дополнителни приходи со поставување реклами на велосипедите.


**КОНТАКТ**

Е-адреса: SmartCity@telekom.mk



**ПУБЛИКУВАНО ОД**

Македонски Телеком АД
Кеј 13 Ноември 6
1000 Скопје



**СЛЕДЕТЕ НÈ НА**

Веб: ict.telekom.mk/smart-city
LinkedIn: Makedonski Telekom AD